# Продолжува исплатата на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013)

По успешната реализација на одобрените инвестиции, нови двајца корисници кои потпишаа Договор со Агенцијата за користење на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013), добија средства од ЕУ фондовите за рурален развој.




Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 2.073,645 денари на корисникот ИЗ Олга Јованова од Неготино за обновување на постоечки овошни насади. Од вкупно исплатените средства 1.555,234 денари се средства од буџетот на ЕУ и 518,411 денари се национален дел.

На корисникот РЕС-КОМ ДООЕЛ од Ресен исплатени се средства во износ од 922,546 денари од кои 691,909 денари се средства од буџетот на ЕУ и 230,637 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за создавање на мали капацитети за производство на храна.